ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
УКИМ – Фармацевтски факултет Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.
Сметката на буџет од самофинансирачки активности (788-27)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- не се донесени пишани процедури за процесот на фактурирање за извршените услуги во поединечните Центри;
- не се донесени Правилници за работа на Центрите како што е уредено со член 31 од Статутот на Фармацевтски факултет;
- не се води материјална евиденција за набавката и трошењето на реагенси и други материјали за работа во лабораторија, канцелариски материјали, средства за одржување на хигиена и други материјали.

**Издадено мислење/заклучок*:**
Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме поволно мислење.

**Клучни препораки:**
- да се донесат пишани процедури во процесот на давање на услуги на други лица во поединечните Центри и да се воведе помошна евиденција за пресметка на побарувањата за извршени услуги и
- Деканатската управа на предлог на раководителите на Центрите да донесат Правилници за работа на Центрите со цел попрецизно пропишување на нивните надлежности и начин на работа .

**Клучни системски слабости:**
/.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во дадениот рок од страна на одговорното лице на субјектот предмет на ревизија не се дадени забелешки.

**Одговор на добиени забелешки:**
/.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk